ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123, чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 година бр.09-125/17 од 23.12.2016, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на Повторна ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Нацрт Детален Урбанистички План за Центар 5-дел, Блок 1, Општина Битола

Повторната Јавна Презентација по Нацрт Детален Урбанистички План за Центар 5-дел, Блок 1, Општина Битола ќе се одржи на ден 06.04.2017 г. (четврток) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61, Општина Битола.

Нацрт Детален Урбанистички План за Центар 5-дел, Блок 1, Општина Битола се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: почетна точка од аголот на ул. „Климент Охридски" со ул. „Солунска", по осовина на ул. „Солунска", кон запад до пресек со ул. „Стево Патако", по осовина на ул. „Стево Патако", кон север до пресек со ул. „Ленинова", по осовината на ул. „Ленинова", кон исток до пресек со ул. „Климент Охридски", продолжува кон југ по осовината на ул. „Климент Охридски" до почетната точка каде завршува опфатот.

Графичкиот прилог од Нацрт Детален Урбанистички План за Центар 5-дел, Блок 1, Општина Битола, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.04.2017 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 4,8ха.

**Повторната Јавна Анкета по Нацрт Детален Урбанистички План за Центар 5-дел, Блок 1, Општина Битола, ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 06.04.2017 год. заклучно со 13.04.2017год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со нацрт планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на нацрт планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-210/13
31.03.2017 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk